До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 30. 10. 2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4848 | 1 | |

во 16:00

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО – ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио – Прв програмски сервис (МРА1)

3. **Период опфатен со надзорот**: 29 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 30 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 76-б став 3 од Изборниот законик** („При известувањето во деновите на изборниот молк ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат, односно објават какви било информации, фотографии, аудио и аудиовизуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите; какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите; податоци со кои го откриваат идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии и од носители на функции во органите на власта")

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот врз програмскиот сервис на Јавното претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО – ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио – Прв програмски сервис (МРА1), емитуван на 29.10.2017 година, на државно ниво, констатирано е дека, спротивно на одредбите од член 76-б став 3 од Изборниот законик, за време на изборниот молк, емитуваше две изјави на носител на функција во органите на власта.

Во рамки на емисијата наменета за земјоделците „Виножито", во два одделни прилога, беа емитувани две изјави на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски, носител на функција во орган на власта.

29.10.2017

| Период на емитување на емисијата „Виножито“ | Опис: |
|---|---|
| 06.58:28 – 07:55:29 | Во прилогот посветен на проектот „Поддршка во спроведувањето на регионалната иницијатива за зајакнување на малите сопственици и семејните фарми“ (емитуван од 07:05:32 до 07:11:57 часот во рамки на емисијата), емитувана е изјава на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски, во траење од 5 минути и 29 секунди.<br><br>Во прилогот за нивото на водата во Охридското езеро (емитуван во периодот од 07:49:51 до 07:52:06 часот) исто така е емитувана изјава на ресорниот министер, Љупчо Николовски, во траење од 1 минута и 13 секунди. |

7. **Опис на прекршувањето:**

Спротивно на одредбите од член 76-б став 3 од Изборниот законик, Јавното претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО – ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио – Прв програмски сервис (МРА1), на 29 октомври 2017 година, за време на изборниот молк за вториот круг од Локалните избори, во рамки на емисијата „Виножито“, емитуваше две изјави на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски, носител на функција во орган на власта.

8. **Предлог-мерка:**

Директорот на Агенцијата, согласно член 76-в став 3 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) против Јавното претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО – ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио – Прв програмски сервис (МРА1), да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд во рок од 48 часа по утврдувањето на прекршувањето на одредбите од Изборниот законик.

***Сектор за програмски работи***